Македонија

**АСОЦИЈАЦИЈА ЗА GS1 стандарди**
**GS1 МАКЕДОНИЈА**

***Предлог***

# Програма на активности
## на GS1 Македонија во 2011 година

Април 2011 година
Скопје

# Програма на активности на GS1 Македонија во 2011 година

***Воведни напомени***

GS1 Македонија должна е да ги почитува барањата и следи планираните активности на Меѓународната GS1 организација со седиште во Брисел, во понатамошниот текст GS1. Со Статутот и другите документи на GS1 дефинирана е улогата на организациите членки одн. националните GS1 организации.

Програмата за работа на GS1 Македонија базирана е на барањата и развојните планови на GS1 и регионалната GS1 организација за Европа (GS1 in Europe), но прилагодена на потребите на нашите членки, нивниот степен на користење на GS1 стандардите, барањата што на македонските компании ги поставуваат нивните партнери во синџирот на снабдување и во вкупното стопанско опкружување.

GS1 Македонија како организација членка на GS1 и GS1 in Europe, мора да обезбеди адекватна и хармонизирана имплементацијата на GS1 стандардите и решенијата кај своите членки.

Стратешките ориентации на GS1 Македонија во 2011 година ќе бидат насочени кон:

- Доделување GS1 компаниски префикси (Единствен матичен GS1 број);
- Овозможување достапност на GS1 спецификациите, упатствата и публикациите;
- Обезбедување техничка подршка и обука за имплементација на GS1 стандардите; и,
- Застапување на интересите на своите членки кај релевантните национални тела и во GS1 -Брисел и GS1 во Европа.

Истите ќе бидат реализирани низ следните специфични активности:

- Тековна работа со членките
- Развојни активности
- Конкретни програми и меѓународна соработка
- Афирмација, презентирање и промоција на GS1 Македонија
- Публицистички активности
- Едукативни активности

## I. Тековна работа со членките

1. Тековна работа со постојните и потенцијалните членки на GS1 Македонија, активности за зголемување на членството и на наплатата на заостанатите членарини;
2. Промоција и воведување нови, покомплексни видови бар кодови кои во себе содржат, односно комбинираат информации за идентификационите клучеви и апликационите идентификатори (Подетално во Анекс А);
3. Проверка и ажурирање на сите контакт и други информации за членките и ажурирање на базата на податоците за GEPIR проектот;

## II. Развојни активности

4. Ажурирање на софтверот за менаџмент на постојната банка на податоци за членките на GS1 Македонија, развој на нови софтверски модули според новонастанатите потреби на GS1 Македонија;
5. Развивање на софтвер за каталогизирање и менаџмент на информации за баркодирани артикли и производи, формирање на адекватна WEB банка на податоци, изработка и промоција на каталогот;
6. Концептуална разработка на систем за електронско зачленување, комуникација и пружање услуги од доменот на тековното работење на GS1 Македонија.

## III. Конкретни програми и меѓународна соработка

7. Проект GEPIR (Подетално во Анекс Б);
8. Проширување на активностите во секторот транспорт и логистика и примена на GS1 логистичка етикета (Подетално во Анекс В);
9. Промоција на нов вид на бар код: GS1 DataBar (Подетално во Анекс Г);
10. Промоција на e-business и e-commerce принципите на деловното работење и обука на македонските фирми за прифаќање на истите;
11. Учество на GS1 Македонија во работата на Генералното Собрание на GS1 и други стратешки форуми на GS1 и на GS1 in Europe.

## IV. Афирмација, презентирање и промоција на GS1 Македонија

12. Афирмација, презентирање и промоција на GS1 Македонија преку публицистички и едукативни активности и објавување на стручни текстови во печатени и јавни електронски медиуми;
13. Усогласување на WEB страната на GS1 Macedonia (www.gs1mk.org.mk) според дизајн стандардите на Меѓународната GS1 организација. Со превод на текстови на македонски и поставување на сопствена WEB страна ќе се зголеми препознатливоста на GS1 Македонија и ќе се овозможи поефикасно и покомплексно претставување на поедини делови на GS1 системот на нашите членки и потенцијалните членки.
14. Со апликативна примена на системот на АКРЕДИТАЦИЈА во континуитет се зголемува препознатливоста на GS1 Македонија и се обезбедува редовно подмирување на обврските на членките по основ на членарина.

## V. Публицистички активности

15. Подготовка, изработка и издавање на низа мали брошури и публикации со основни упатства и поодделни стручни прашања за примена на GS1 системот, и на други промотивни материјали;
16. На сопствената WEB страна на GS1 Macedonia (www.gs1mk.org.mk) структуирана според стандардите на GS1, ќе се публикуваат едукативни содржини и новости на GS1 системот и на GS1 Македонија;

## VI. Едукативни активности

17. Организација на семинари и обуки за:

- Примарна обука на новите членки;
- Едукација на македонските компании, особено извозно ориентираните за неопходноста од прифаќањето на GS1 стандардите во нивното деловно работење;
- Серија предавања за членките на GS1 Македонија и другите заинтересирани фирми (со присуство на домашни и странски експерти) на тема GS1 стандарди - воведување, примена и развој;
- Тематски предавања од областа на : здравство, трговија, логистика, следливост, GS1-128 Bar Code Symbol, SSCC и др.;
- Семинари и обука во соорганизација или организација на други институции, организации, здруженија, компании;
- Информативни семинари за покомплексни видови бар кодови кои во себе содржат, односно комбинираат информации за идентификационите клучеви и апликационите идентификатори (Подетално во Анекс А).

18. Обука на вработените во GS1 Македонија:

- Учество во работата на Меѓународната организација GS1 и GS1 in Europe преку разни форуми, семинари, тренинг курсеви;
- Учество во ментор програмите подржани од GS1 и GS1 Хрватска;
- Соработка и размена на искуства со други национални GS1 организации;
- Учество во регионалната работна група од областа на здравството.

19. И сите други активности неопходно потребни за континуиран развој на GS1 Македонија и имплементација на GS1 стандардите.

***Анекс А: Промоција на нови, покомплексни видови на бар кодови***

Во Македонија доминантно, скоро исклучиво се применува GTIN (EAN -13 баркод симбологија за означување на трговските единици).

Комплексните баркодови кои во себе содржат, односно комбинираат информации за идентификационите клучеви (GTIN - глобален број на трговските единици, GLN - глобален локациски број, SSCC - серијски број на контејнер за испорака и EPC - електронски код на производот) и апликационите идентификатори (AI, односно податоци како што се: Дата на производство, Број на партија/ лот, Испратено на, Рок на употреба и сл.) иако широко применувани во светскиот трговски синџир, во Македонија се недоволно застапени поради што следливоста на трговските единици и услуги на македонските производи на националниот и светскиот пазар е отежната, односно оневозможена.

GS1 Македонија ќе ја запознае македонската бизнис заедница и ќе и´ пружи стручна подршка во апликативната примена на комплексните видови на бар кодови, со цел да се зголеми конкурентноста на македонското стопанство, олесни неговото прилагодувањето кон европските стандарди и евроатлантските интеграциони процеси и овозможи зголемен распознатлив и следлив извоз на европските и светските пазари.

Во синџирот на снабдувањето во Р. Македонија, Европа и светот доминантно се применуваат GS1 стандардите за идентификација и бар кодирање, па затоа нивната имплементација и натамошен развој ќе завземат приоритетно место во активностите на GS1 Македонија во 2011 година.

***Анекс Б: Проект GEPIR***

GS1 Македонија со сите свои членки од 2006 година е активен учесник во проектот GEPIR. Преку овој проект сите активни членки на GS1 Македонија се ´"видливи" и "распознатливи" во целиот свет. GEPIR обезбедува да сите основни податоци за членките на GS1 Македонија бидат на располагање на сите учесници во GS1 семејството од преку 1 милион компании. Заинтересираната странка (пребарувачот) по електронски пат може да се поврзе на електронскиот каталог на GS1 Македонија и да ги преземе потребните информации за членката со што се овозможува меѓусобно пронаоѓање и поврзување на деловните партнери.

Користењето на овој сервис GS1 Македонија планира во 2011 да го стави на располагање на Министерството за економија, на Царинската управа и на големите дистрибутивни синџири, со што ќе се создадат реални услови за контрола на сопственоста на брендот на одделни производи, сузбивање на сивата економија, фалсификати и др.

***Анекс В: Проширување на активностите во секторот транспорт и логистика***

Овој сегмент на активностите на GS1 Македонија предвидува тесна соработка со сите учесници во испораката на стоката, од производителот, преку шпедитерот, дистрибутерот, царината, до купувачот. Вклучува низа на елементи битни за следење на пратката, како што се GS1 логистичка етикети, пратечки документи, царински документи и тн.

Во 2011 година GS1 Македонија ќе започне со промовирање на GS1 логистичката етикета базирана врз примена на комплексни кодови.

Клучен елемент и единствен задолжителен податок на логистичката етикета е серискиот број на контејнерот за испорака - SSCC. Кога ќе се зголеми бројот на единиците на испораката што ќе бидат означени со GS1 логистичката етикета, се

создаваат услови за контакт со Царинската управа со цел промовирање на SSCC како Единствен број на испораката (UCR- Unique Consignment Reference), што е веќе прифатено од страна на НАТО.

Втор аспект со цел подобрување на ефикасноста на логистичкиот синџир се пратечките документи. За еднозначно препознавање на документите, GS1 има проектирано апликациони идентификатори за видови на документи AI (253). Со оглед дека FIATA го избрала токму овој индикатор за препознавање на транспортните документи, GS1 Македонија во 2011 година ќе посвети особено внимание на популаризација на  оваа тема.

### *Анекс Г:* *Нови правци во развојот на бар кодирањето: GS1 DataBar*

GS1 DataBar (порано познат под назив Просторно редукована симбологија – Reduced Space Symbology – RSS),  е нова фамилија на бар код симбологијата развиена заради поефикасна автоматска идентификација на многу малите артикли и заради можноста за кодирање на дополнителни информации на мал простор (број на серијата, лот, рок на траење и др.). Со примената на оваа симбологија се проширува просторот за развој на решенија за следливост и авторизација на производите, за идентификација на производите со варијабилни мерки и др. Оваа симбологија ќе овозможи и кодирање на GTIN идентификаторите на производите кои тешко се означуваат, како што се малопродажни единици со променлива мерка, поодделни земјоделски производи и сл.

Најзначајна корист од примената на  GS1 DataBar е при повлекување/стопирање на продажбата на производите на кои е изминат рокот на траење, или при повлекување на контаминирани производи, кога не мора од трговијата да се повлекуваат целокупните залихи, туку само оние производи на кои е означен соодветниот број на лот, при чие производство дошло до проблеми.

По сеопфатни разгледувања на деловните потреби на трговците на мало, производителите на стока за дневна потрошувачка, на GS1 националните здруженија и трговските асоцијации, Меѓународната GS1 организација го одобри и усвои GS1 DataBar симболот како GS1 стандард.

Меѓународната GS1 организација **препорачува до 2014 година  да се направат сите неопходни подготвителни активности, да сите уреди за скенирање на малопродажните наплатни места бидат оспособени за очитување на новите бар кодови и GS1 апликационите идентификатори.**

Означувањето со GS1 DataBar-от и создавање можности за негово очитување не значи дека EAN/UCC симболите ќе бидат заменети на сите производи, туку дека е утврдено глобално решение за нивно кодирање (за производите кај кои постои потреба за додатни информации, или кај кои на опаковката нема место за  EAN симболот).

GS1 Македонија во текот на 2011 ќе ја запознае македонската бизнис заедница за бенефитите од примената на  GS1 DataBar -от, со цел да се зголеми конкурентноста на македонското стопанство и овозможи зголемен, распознатлив и следлив извоз на европските и светските пазари.

**Извршен директор,**

**Слаѓана МИЛУТИНОВИЌ**

Скопје, април 2011